Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14 , 44/2015, 193/2015 , 31/2016, 163/16), Градоначалникот на Општина Кочани го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните на Општина Кочани дека се организира повторна **јавна презентација и јавна анкета по** Предлог Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 , за проект " КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ" КО Кочани , Општина Кочани Република Македонија (плански период 2016-2021) со тех. бр. С4016 од јануари 2018, изработен од Агенција за планирање на просторот, со површина на плански опфат **16,48 ха**. **Местоположбата на планскиот опфат е во западниот дел на градот.** Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовина на улиците : север ул. „Февруарски поход", ул. „ Ѓорче Петров" и ул. „ 1-ви Мај"; исток: „ Роза Петрова"; југ: осовина на регулирано корито на десен магистрален канал; од запад: ул. „ 552".

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по

Предлог Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 , за проект " КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ" КО Кочани , Општина Кочани Република Македонија (плански период 2016-2021)**,** ќе се одржи на ден **10.01.2018г. со почеток во 12$^{00}$** часот во салата на Советот на Општина Кочани.

## ЈАВНА АНКЕТА по

Предлог Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 , за проект " КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ" КО Кочани , Општина Кочани Република Македонија (плански период 2016-2021)**,** ќе трае 5 работни дена , а ќе се спроведе во периодот од **9.01.2018 год. до 15.01.2018 год**. , во кој рок заинтересираните физички и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки и предлози на **анкетни листови ,** во писмена форма, кои можат да ги подигнат во архивата во општинската зграда, и од веб страната на Општина Кочани , или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** на Предлог Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 , за проект " КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ" КО Кочани , Општина Кочани Република Македонија (плански период 2016-2021) ке биде изложен на огласна табла пред зградата на Општина Кочани, и на веб страната на општината www.kocani.gov.mk , а подетални информации во врска со деталниот урбанистички план ќе можат да се добијат во одделението за урбанизам и заштита на животна средина кое се наоѓа на 1кат во општинската зграда.

Изработил/МСЈ

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
По овластување на Градоначалникот
Бр.08- 1877/13 од 25.10.2017 год.
**Раководител на сектор**
**Зоран Манасиев**

**Бр.22- 77/1**
**2.01.2018год.**
**Кочани**

**ОПШТИНА КОЧАНИ** **АНКЕТЕН ЛИСТ**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 199/2014, 44/2015 , 193/2015, 31/2016 и163/16), Градоначалникот на Општина Кочани организира ЈАВНА АНКЕТА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА по

1. Предлог Детален урбанистички план за ГРАДСКА ЧЕТВРТ 9 , за проект " КУПИ КУЌА ЗА МЛАДИ" КО Кочани , Општина Кочани Република Македонија (плански период 2016-2021
2. Место на излагање на планот-**огласна табла на Општина Кочани пред општинската зграда, веб страна на Општина Кочани**

3.Време на излагање **9.01.2018 год. до 15.01.2018 год**.

**Податоци за граѓани и правни лица кои даваат забелешки**

---

1. Правно /физичко лице
   (наслов на правното лице/име и презиме)

---

2. Адреса и број на телефон

---

3. Адреса на објектот ,
катастарска парцела
или опис на локалитетот
за кој се дава забелешка

---

4. ЗАБЕЛЕШКА

Прилог: Имотен лист и копија од катастарски план

Дата ____________ Печат ____________ Потпис ____________

